ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ

Член 1

Во Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија", бр.55/07, 86/08, 139/09 и 135/11) во член 6 во ставот (2) сврзникот „и" се заменува со запирка, а по зборот „жиг" се додаваат зборовите: „и квалификуван сертификат издаден од издавач запишан во Регистарот на издавачи на сертификати во Република Македонија".

Член 2

Во член 9 во ставот (1) точката б) се менува и гласи:

„б) има деловна способност и има општа здравствена способност, што се докажува со лекарско уверение".

Во точката в) по зборот: „правник" се додаваат зборовите:„ со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС)".

Во точката д) по зборовите: „најмалку пет години" се додаваат зборовите:„по дипломирањето".

Член 3

Насловот пред членот 38 се менува и гласи:

„Јазик на кој се составуваат нотарските исправи"

Во членот 38 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласаат:

„ (3) Граѓаните кои зборуваат на јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија, кој исто така е службен јазик во Република Македонија, во комуникација со нотарот имаат право да го употребуваат тој јазик, а нотарот сите нотарски исправи ги составува на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот, чиј јазик исто така е службен.

(4) Во постапките пред нотар кога постапува согласно одредбите од Законот за вонпарнична постапка се применуваат одредбите од Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа."

Ставовите (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (5), (6), (7) и (8).

Член 4

По Глава IV се додава нова Глава IV-а и нови шест члена 41-а, 41-б, 41-в, 41 –г, 41 –д и 41-ѓ, кои гласат:

"IV-а. НОТАРСКА ИСПРАВА СОСТАВЕНА ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА

Член 41-а

(1) Нотарот кој составува исправа во електронска форма (во натамошниот текст: електронска нотарска исправа), користи систем на обработка, пренос и чување на информации одобрен од Управниот одбор на Комората, кој согласно со закон гарантира автентичност на податоците од нотарската исправа, интегритет и тајност на содржината на исправата.

(2) Електронската нотарска исправа е нотарска исправа која во процесот на создавање и меморирање, можностите за пронаоѓање и репродукција е сигурна, разбирлива и квалитетно документирана и архивирана на медиум, врз која не е можно да се извршат измени.

(3) Системот за обработка, пренос и чување на информациите од ставот (1) на овој член, мора да биде усогласен со системите на органите и организациите на кои треба да им бидат доставени податоците од нотарските исправи.

Член 41-б

(1) Електронска нотарска исправа која е изворно составена во електронски облик и на која нотарот и сите учесници во постапката пред нотар го ставиле својот електронски потпис се смета за изворник.

(2) Електронска нотарска исправа која е создадена со дигитализација на изворниот документ чија форма не е електронска и на која нотарот го ставил својот електронски потпис се смета за извод на изворната исправа.

(3) Исправата од ставот (1) на овој член има својство на јавна исправа ако при нејзиното составување и потпишување се исполнети условите утврдени со закон.

(4) Исправата од ставот (2) на овој член има својство на јавна исправа доколку и дигитализираниот изворен документ го има тоа својство.

Член 41-в

Електронската нотарска исправа мора да биде потпишана од нотарот со електронски потпис, креиран со квалификуван сертификат издаден од

издавач запишан во регистарот на издавачи на сертификати во Република Македонија.

Член 41-г

Електронската нотарска исправа составена во странство има иста правна важност како да е составена согласно овој закон под услови на реципроцитет и може да се користи како јавна исправа во Република Македонија само кога користењето на јавни исправи во електронски облик е предвидено со закон на Република Македонија.

Член 41-д

(1) Нотарот е должен во јавните регистри кои се достапни по електронски пат, во пропишан електронски облик или преку пропишани електронски обрасци на пријави да доставува исправи или внесува податоци од електронската нотарска исправа во средствата за автоматска обработка на податоците на соодветниот регистар, во случаите утврдени со закон.

(2) Нотарот е должен од јавните регистри кои се достапни по електронски пат да користи податоци, согласно постапките и правилата пропишани од соодветниот регистар.

Член 41-ѓ

(1) Нотарот е должен да ги чува и архивира електронските нотарски исправи во информацискиот систем или на медиум кој овозможува трајност на електронскиот запис за утврденото време на чување, во согласност со прописите за архивската граѓа и канцелариско работење и прописите за податоците во електронски облик и електронски потпис.

(2) Нотарот е должен да презема мерки пропишани со закон за заштита на податоците во електронски облик преку преземање на мерки против неовластен пристап или неовластена обработка, како и мерки со кои се спречува уништувањето, губењето, промената, злоупотребата и неовластената употреба на податоците.”

Член 5

Во член 126 во ставот (1) по алинејата 18 се додава нова алинеја 19, која гласи:

„ повреда која како таква е предвидена со закон,“

Член 6

Во член 148 во ставот (1) по зборот „правници“ се додаваат зборовите: „со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломирани правници со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС)“.

Во ставот (2) по зборот: „семејното“ се додава запирка и зборот “облигационото“.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Образец бр.1

**План за спроведување на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот |
| Министерство: | Министерство за правда |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Владимир Јанковски- Помошник раководител на Сектор |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Мај 2012 |
| Поврзаност со ЕУ директиви | / |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот се пропишува обврска на нотарот покрај службен печат, штембили, сув и воден жиг, да има и квалификуван сертификат издаден од издавач запишан во регистарот на издавачи на сертификати во Република Македонија.

Се пропишува дека за нотар може да биде именувано лице кое е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) како и лице кое е деловно способно и има општа здравствена способност. Се допрецизира дека за нотар може да биде именувано лице кое има работно искуство на правни работи

најмалку пет години по дипломирањето.

Се пропишува дека граѓаните кои зборуваат на јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија, кој исто така е службен јазик во Република Македонија, во комуникација со нотарот имаат право да го употребуваат тој јазик, а нотарот сите нотарски исправи ги составува на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот, чиј јазик исто така е службен. Исто така се пропишува дека, во постапките пред нотар кога постапува согласно одредбите од Законот за вонпарнична постапка се применуваат одредбите од Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа.

Со измените во Законот се вградуваат највисоки стандарди со тоа што електронската нотарска исправа мора да биде потпишана од нотарот со електронски потпис, креиран со квалификуван сертификат издаден од издавач запишан во регистарот на издавачи на сертификати во Република Македонија, имајќи ја предвид исклучителната важност на нотарските исправи во правниот промет на државата.

Исто така со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот се пропишува составувањето на нотарска исправа во електронска форма со електронски потпис и електронската достава до соодветен јавен регистар.

Се предвидува дека електронската нотарска исправа составена во странство има иста правна важност како да се составени согласно овој закон под услови на реципроцитет, и може да се користи како јавна исправа во Република Македонија само кога користењето на јавни исправи во електронски облик е предвидено со закон на Република Македонија.

Се пропишува и нова дисциплинска повреда, односно повреда која како таква е предвидена со закон кога постапувањето на нотарот се уредува со друг закон.

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот се допрецизира одредбата за полагање на нотарскиот испит, така што нотарски испит може да полагаат дипломирани правници со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС), како и во содржината на нотарскиот испит се додава облигационото право.

1. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Со унапредувањето на функционирањето на нотаријатот во Република Македонија ќе се овозможи побрз пристап на граѓаните до правдата и зголемување на правната сигурност во правниот промет, а истовремено ќе се влијае врз намалувањето на бројот на судските предмети и растоварувањето на судството.

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот се пропишува обврска на нотарот покрај службен печат, штембили, сув и воден жиг, да има и квалификуван сертификат издаден од издавач запишан во регистарот на издавачи на сертификати во Република Македонија.

Се пропишува дека за нотар може да биде именувано лице кое е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) како и лице кое е деловно способно и има општа здравствена способност. Се допрецизира дека за нотар може да биде именувано лице кое има работно искуство на правни работи најмалку пет години по дипломирањето.

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот се пропишува дека граѓаните кои зборуваат на јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија, кој исто така е службен јазик во Република

Македонија, во комуникација со нотарот имаат право да го употребуваат тој јазик, а нотарот сите нотарски исправи ги составува на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот, чиј јазик исто така е службен. Исто така се пропишува дека, во постапките пред нотар кога постапува согласно одредбите од Законот за вонпарнична постапка се применуваат одредбите од Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа.

Еден од битните предуслови за прилагодување на нотаријатот како дел на правосудните структури е и создавање на заедничка интероперабилна информациска структура која ќе овозможи користење на модерните електронски средства во комуникација со странките и со органите и организациите во Република Македонија.

Со оваа законска новина нотаријатот добива правен основ за создавање на услови за електронско работење, врз основа на модерните концепти за составување и управување со електронски документи и записи.

Со воведувањето на нотарска исправа составена во електронска форма во Законот за нотаријатот, се создава рамка и се поставуваат цели за постојните и новите активности на е-нотаријатот, засилување на постојната технолошка основа и усмерување на идната работа на нотарите кон електронските комуникации и подигање на нивото на достапност на електронските услуги на нотарите.

Со измените во Законот се вградуваат највисоки стандарди со тоа што електронската нотарска исправа мора да биде потпишана од нотарот со електронски потпис, креиран со квалификуван сертификат издаден од издавач запишан во регистарот на издавачи на сертификати во Република Македонија, имајќи ја предвид исклучителната важност на нотарските исправи во правниот промет на државата и електронска достава до соодветен јавен регистар.

Воедно се пропишува и нова дисциплинска повреда односно повреда која како таква е предвидена со закон, кога постапувањето на нотарите е уредено со друг закон и се допрецизира одредбата за полагање на нотарскиот испит.

2. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)
   Иницијална проценка на влијание на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?
   НЕ

| **Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**<br>(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија) |
|---|

<u>В. Временска рамка</u>

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?
   Во Мај 2012 година.

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

Образец бр. 2

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

### Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. **Опис на проблемите**

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот се пропишува обврска на нотарот покрај службен печат, штембили, сув и воден жиг, да има и квалификуван сертификат издаден од издавач запишан во регистарот на издавачи на сертификати во Република Македонија.

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот се прецизираат условите за именување на нотар.

Исто така се пропишува дека, граѓаните кои зборуваат на јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија, кој исто така е службен јазик во Република Македонија, во комуникација со нотарот имаат право да го употребуваат тој јазик, а нотарот сите нотарски исправи ги составува на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот, чиј јазик исто така е службен. Исто така се пропишува дека, во постапките пред нотар кога постапува согласно одредбите од Законот за вонпарнична постапка се применуваат одредбите од Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа.

Со измените во Законот се вградуваат највисоки стандарди со тоа што електронската нотарска исправа мора да биде потпишана од нотарот со електронски потпис, креиран со квалификуван сертификат издаден од издавач запишан во регистарот на издавачи на сертификати во Република Македонија, имајќи ја предвид исклучителната важност на нотарските исправи во правниот промет на државата.

Исто така се пропишува дека Нотарската електронска исправа составена во странство има иста правна важност како да се составени согласно овој закон под услови на реципроцитет, и може да се користи како јавна исправа во Република Македонија само кога користењето на јавни исправи во електронски облик е предвидено со закон на Република Македонија.

Се пропишува нова дисциплинска повреда односно повреда која како таква е предвидена со закон, кога постапувањето на нотарите е уредено со друг закон и се допрецизира одредбата за полагање на нотарскиот испит.

**Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот се пропишува обврска на нотарот покрај службен печат, штембили, сув и воден жиг, да има и и квалификуван сертификат издаден од издавач запишан во регистарот на издавачи на сертификати во Република Македонија.

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот се прецизираат условите за именување на нотар, во смисла на тоа што за нотар може да биде именувано лице кое е деловно способно и има општа здравствена состојба и да е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС). Се допрецизира дека за нотар може да биде именувано лице кое има работно искуство на правни работи најмалку пет години по дипломирањето.

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот се пропишува дека, граѓаните кои зборуваат на јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија, кој исто така е службен јазик во Република Македонија, во комуникација со нотарот имаат право да го употребуваат тој

јазик, а нотарот сите нотарски исправи ги составува на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот, чиј јазик исто така е службен. Исто така се пропишува дека, во постапките пред нотар кога постапува согласно одредбите од Законот за вонпарнична постапка се применуваат одредбите од Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа.

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот, нотаријатот добива правен основ за создавање на услови за електронско работење, врз основа на модерните концепти за составување и управување со електронски документи и записи.

Со воведувањето на нотарска исправа составена во електронска форма во Законот за нотаријатот, се создава рамка и се поставуваат цели за постојните и новите активности на е-нотаријатот, засилување на постојната технолошка основа и усмерување на идната работа на нотарите кон електронските комуникации и подигање на нивото на достапност на електронските услуги на нотарите.

Со измените во Законот се вградуваат највисоки стандарди со тоа што електронската нотарска исправа мора да биде потпишана од нотарот со електронски потпис, креиран со квалификуван сертификат издаден од издавач запишан во регистарот на издавачи на сертификати во Република Македонија, имајќи ја предвид исклучителната важност на нотарските исправи во правниот промет на државата.

Се воведува и нова дисциплинска повреда односно повреда која како таква е предвидена со закон, кога постапувањето на нотарите е уредено со друг закон и се допрецизира одредбата за полагање на нотарскиот испит.

**Идентификација на можни решенија (опции)**

Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот

за нотаријатот ќе се создадат битните предуслови за електронско работење, врз основа на модерните концепти за составување и управување со електронски документи и записи. Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот се прецизираат условите за именување на нотар.

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот се пропишува дека, граѓаните кои зборуваат на јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија, кој исто така е службен јазик во Република Македонија, во комуникација со нотарот имаат право да го употребуваат тој јазик, а нотарот сите нотарски исправи ги составува на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот, чиј јазик исто така е службен. Исто така се пропишува дека, во постапките пред нотар кога постапува согласно одредбите од Законот за вонпарнична постапка се применуваат одредбите од Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа.

Со воведувањето на електронската нотарска исправа се создаваат услови за функционирање на е-нотаријатот, засилување на постојната технолошка основа и усмерување на идната работа на нотарите кон електронските комуникации и подигање на нивото на достапност на електронските услуги на нотарите кога за тоа ќе се создадат и други законски претпоставки.

Со измените во Законот се вградуваат највисоки стандарди со тоа што електронската нотарска исправа мора да биде потпишана од нотарот со електронски потпис, креиран со квалификуван сертификат издаден од издавач запишан во регистарот на издавачи на сертификати во Република Македонија, имајќи ја предвид исклучителната важност на нотарските исправи во правниот промет на државата.

Исто така се пропишува дека Нотарската електронска исправа составена во странство има иста правна важност како да се составени

согласно овој закон под услови на реципроцитет, и може да се користи како јавна исправа во Република Македонија само кога користењето на јавни исправи во електронски облик е предвидено со закон на Република Македонија.

Воедно се воведува и нова дисциплинска повреда односно повреда која како таква е предвидена со закон, кога постапувањето на нотарите е уредено со друг закон и се допрецизира одредбата за полагање на нотарскиот испит.

Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

Предложено решение :

- Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот

**Опис:** Донесувањето на Законот се предлага поради обврската на нотарот покрај службен печат, штембили, сув и воден жиг, да има и квалификуван сертификат издаден од издавач запишан во регистарот на издавачи на сертификати во Република Македонија.

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот се прецизираат условите за именување на нотар.

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот се пропишува дека, граѓаните кои зборуваат на јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија, кој исто така е службен јазик во Република Македонија, во комуникација со нотарот имаат право да го употребуваат тој јазик, а нотарот сите нотарски исправи ги составува на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот, чиј јазик исто така е службен. Исто така се пропишува дека, во постапките пред нотар кога постапува согласно одредбите од Законот за вонпарнична постапка се применуваат одредбите од Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во

Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа.

Со измените во Законот се вградуваат највисоки стандарди со тоа што електронската нотарска исправа мора да биде потпишана од нотарот со електронски потпис, креиран со квалификуван сертификат издаден од издавач упишан во регисарот на издавачи на сертификати во Република Македонија, имајќи ја предвид исклучителната важност на нотарските исправи во правниот промет на државата. Со оваа законска новина нотаријатот добива правен основ за создавање на услови за електронско работење, врз основа на модерните концепти за составување на електронски исправи и управување со електронски документи и записи.

Со предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот се пропишува составувањето на нотарска исправа во електронска форма со електронски потпис и електронска достава до соодветен јавен регистар.

Исто така се пропишува дека Нотарската електронска исправа составена во странство има иста правна важност како да се составени согласно овој закон под услови на реципроцитет, и може да се користи како јавна исправа во Република Македонија само кога користењето на јавни исправи во електронски облик е предвидено со закон на Република Македонија.

Се пропишува и нова дисциплинска повреда, односно повреда која како таква е предвидена со закон, кога постапувањето на нотарот се уредува со друг закон се допрецизира одредбата за полагање на нотарскиот испит.

1.Трошоци

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ
- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ
- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ
- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

1. **Придобивки**

-Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнатите страни
Нема.

-Други нефинансиски придобивки за засегнатите страни

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот се пропишува обврска на нотарот покрај службен печат, штембили, сув и воден жиг, да има и квалификуван сертификат издаден од издавач запишан во регистарот на издавачи на сертификати во Република Македонија.

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот се прецизираат условите за именување на нотар.

Исто така се пропишува дека, граѓаните кои зборуваат на јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија, кој исто така е службен јазик во Република Македонија, во комуникација со нотарот имаат право да го употребуваат тој јазик, а нотарот сите нотарски исправи ги составува на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот, чиј јазик исто така е службен. Исто така се пропишува дека, во постапките пред нотар кога постапува согласно

одредбите од Законот за вонпарнична постапка се применуваат одредбите од Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа.

Со измените во Законот се вградуваат највисоки стандарди со тоа што електронската нотарска исправа мора да биде потпишана од нотарот со електронски потпис, креиран со квалификуван сертификат издаден од издавач запишан во регистарот на издавачи на сертификати во Република Македонија, имајќи ја предвид исклучителната важност на нотарските исправи во правниот промет на државата. Со оваа законска новина нотаријатот добива правен основ за создавање на услови за електронско работење, врз основа на модерните концепти за составување на електронски исправи и управување со електронски документи и записи.

Со предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот се пропишува составувањето на нотарска исправа во електронска форма со електронски потпис и електронска достава до соодветен јавен регистар.

Исто така се пропишува дека Нотарската електронска исправа составена во странство има иста правна важност како да се составени согласно овој закон под услови на реципроцитет, и може да се користи како јавна исправа во Република Македонија само кога користењето на јавни исправи во електронски облик е предвидено со закон на Република Македонија.

Се пропишува и нова дисциплинска повреда, односно повреда која како таква е предвидена со закон, кога постапувањето на нотарите е уредено со друг закон и се допрецизира одредбата за полагање на нотарскиот испит.

## 2. Ризици и претпоставки

Доколку Владата на Република Македонија одлучи да не предложи донесување на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот

за нотаријатот  останува да се применува постојниот Закон за нотаријатот, со што се оневозможува побрз пристап на граѓаните до правдата и зголемување на правната сигурност во правниот промет.

3. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | ДА / **НЕ** | ДА / НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | ДА / **НЕ** | ДА / НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | ДА / **НЕ** | ДА / НЕ |
| Влијание врз животната средина | ДА / **НЕ** | ДА / НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | ДА / **НЕ** | ДА / НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | **ДА /** НЕ | ДА / НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | ДА / **НЕ** | ДА / НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

Спроведени се консултации со Министерство за финансии, Нотарска комора на Република Македонија, Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, Централен регистар на Република Македонија, Министерство за информатичко општество и администрација, Кабинетот

на заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и Секретаријатот за Законодавство.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Со Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот се пропишува обврска на нотарот покрај службен печат, штембили, сув и воден жиг, да има и квалификуван сертификат издаден од издавач запишан во регистарот на издавачи на сертификати во Република Македонија.

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот се прецизираат условите за именување на нотар, во смисла на тоа што за нотар може да биде именувано лице кое е деловно способно и има општа здравствена состојба и да е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС). Се допрецизира дека за нотар може да биде именувано лице кое има работно искуство на правни работи најмалку пет години по дипломирањето.

Исто така се пропишува дека, граѓаните кои зборуваат на јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија, кој исто така е службен јазик во Република Македонија, во комуникација со нотарот имаат право да го употребуваат тој јазик, а нотарот сите нотарски исправи ги составува на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот, чиј јазик исто така е службен. Исто така се пропишува дека, во постапките пред нотар кога постапува согласно одредбите од Законот за вонпарнична постапка се применуваат одредбите од Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа.

Со измените во Законот се вградуваат највисоки стандарди со тоа што електронската нотарска исправа мора да биде потпишана од нотарот со електронски потпис, креиран со квалификуван сертификат издаден од издавач запишан во регистарот на издавачи на сертификати во Република Македонија, имајќи ја предвид исклучителната важност на нотарските исправи во правниот промет на државата. Со предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот се пропишува составувањето на нотарска исправа во електронска форма со електронски потпис и електронска достава до соодветен јавен регистар. Исто така се пропишува дека Нотарската електронска исправа составена во странство има иста правна важност како да се составени согласно овој закон под услови на реципроцитет, и може да се користи како јавна исправа во Република Македонија само кога користењето на јавни исправи во електронски облик е предвидено со закон на Република Македонија.

Се пропишува и нова дисциплинска повреда, односно повреда која како таква е предвидена со закон, кога постапувањето на нотарите е уредено со друг закон и се допрецизира одредбата за полагање на нотарскиот испит.

**Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

- **Владимир Јанковски - Помошник раководител на Секторот за надзор над работата на извршителите, нотарите и медијаторите**

2. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

   -Blerim Bexheti – Министер за правда
   -Билјана Бришкоска Бошковски – Заменик министер за правда

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Има / **Нема влијание** | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Има / **Нема влијание** | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Има / **Нема влијание** | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Има / **Нема влијание** | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Има / **Нема влијание** | врз животната средина. |
| 6. | Има / **Нема влијание** | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување: 02.04.2012 година<br>Вклучени организации и претставници: /<br><br>Свое мислење дадоа следниве организации: / | **ДА** / НЕ |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | **ДА**/НЕ |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | **ДА**/НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | **ДА**/НЕ |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА/**НЕ** |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | ДА/**НЕ** |

**Изјава од министерот**

Јас, *име и презиме на министерот,* изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

........................................................................................ Датум: